**20150150279**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 јануари 2015 година.

Бр. 08-476/1
28 јануари 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ**

Член 1

Во Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија” број 44/1999, 86/1999, 8/2001, 21/2003, 19/2004, 33/2006, 101/2006, 114/2007, 103/2008, 114/2009, 133/2009, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14 и 130/14), во членот 23 точка 19-а на крајот од реченицата сврзникот “и“ се заменува со точка и запирка.

По точката 19-а се додава нова точка 19-б која гласи:

“19-б. Употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса) и“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.